РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-1156/7
12 MAY 2025 г.
СКОПЈЕ



Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), в. д. градоначалникот на Општина Аеродром на ден 9.5.2025 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по јавен оглас за вработување административен службеник по јавен оглас број 97/2025

1. За извршител за работното место УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за административна и техничка поддршка, во Одделение за комунални работи и заштита на животната средина, Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина се избира кандидатката Софија Муратовска.
2. Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработена на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање на Општина Аеродром, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 97/2025 на својата веб-страница, како и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Лајм“, на ден 29.3.2025 година, за вработување административен службеник од група 1, подгрупа I, еден извршител за работно место место УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за административна и техничка поддршка, во Одделение за комунални работи и заштита на животната средина, Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина.

Со решение за формирање на Комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација број 10-635/3 од 4.4.2025 година, формирана е Комисија што ја спроведе постапката за селекција за вработување административни службеници по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на 16.4.2025 година со почеток во 9:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 97/2025, при што утврди дека за работното место број 1 се пријавиле вкупно 11 (единаесет) кандидати, од кои во втората фаза продолжиле 9 (девет) пријавени кандидати.

Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе постапка за полагање испит, проверка на веродостојноста на доказите и одржа интервју со единствениот кандидат којшто се појави на интервјуто.

Согласно со добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата.

Врз основа на конечната ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата и предлог за вработување на единствениот кандидат со најголем број освоени бодови, а согласно со член 45 од Законот за административни службеници, в. д. градоначалникот на Општина Аеродром за работното место УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за административна и техничка поддршка, ја избира кандидатката Софија Муратовска.

Врз основа на наведеното, се одлучи во диспозитивот на оваа Одлука.

<u>**Упатство за правно средство**</u>**:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвила
Соработник за развој и унапредување на процесот
за управување со човечки ресурси
Ирена Петревска

в. д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром
Скопје